ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ / EUROTHINK CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES

НВО ИНФОЦЕНТАР

ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЧЕТВРТИ ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АВМУ И АЕК

PROformance WATCH II

мај – август 2019

British Embassy Skopje

Funded by UK Government

# ЧЕТВРТИ ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АВМУ И АЕК

**ИЗДАВАЧ:**
Евротинк – Центарот за европски стратегии;
НВО Инфоцентар;
Транспарентност Македонија;
Хелсиншки комитет за човековите права на Република Македонија;

**ЛЕКТУРА:**
Елеонора СТОЈКОСКА-ПОПЕТРЕВСКА

**ПРЕВОД:**
АБАКУС

**ЛИКОВНО-ГРАФИЧКО ОБЛИКУВАЊЕ:**
Елисавета БЕЈКОВА

British Embassy Skopje

Funded by UK Government

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиумите – PROformance Watch II" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# Содржина

**ВОВЕД** ..... 5

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (АВМУ)** ..... 6
1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ..... 6
2. ЕФЕКТИВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ ..... 8
3. ПЕРФОРМАНСИ И ИЗВРШУВАЊЕ ..... 13
4. ЈАВЕН ИНТЕРЕС ..... 13

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ (АЕК)** ..... 16
1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ..... 16
2. ЕФЕКТИВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ ..... 20
3. ПЕРФОРМАНСИ И ИЗВРШУВАЊЕ ..... 25
4. ЈАВЕН ИНТЕРЕС ..... 27

# ВОВЕД

„Евротинк“ – Центарот за европски стратегии, во соработка со НВО „Инфоцентар“, Транспарентност Македонија и Хелсиншкиот комитет за човековите права на Република Македонија, го спроведува проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиуми – Мониторинг на перформансите II“ [1]. Проектот започна со реализација на планираните проектни активности во јуни 2018 и ќе ја следи работата на двете регулаторни тела до 2020 година. Проектот е поддржан од британската амбасада во Република Македонија.

Проектниот тим ги набљудува ефикасноста, ефективноста, транспарентноста, одговорноста и заштитата на јавниот интерес на две регулаторни тела: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) и Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), согласно утврдената методологија, добрите практики и научените лекции од проектот Мониторинг на перформансите I (2016-2018 година). Преку периодични мониторинг извештаи ќе се нотира перформансот на двете регулаторни тела и ќе се информира јавноста за клучните аспекти поврзани со спроведувањето и дизајнот на политиките поврзани со работењето на двете агенции.

„Мониторинг на перформансите I“, поддржан од британската амбасада во Република Македонија, имаше цел да ги подобри капацитетите на граѓанското општество за следење на работата на регулаторните тела, со што преку зголемена јавна контрола придонесе кон подобрување на перформансите на двете агенции. Регулаторните тела ги зедоа предвид препораките за подобрување на транспарентноста, одговорноста и извршувањето на нивните мандати. Иако целите на првата фаза од проектот се постигнати, потребна е понатамошна работа за целосно да се вгради систем на јавна контрола како механизам за подобрување на перформансите на овие две јавни институции. Проектот „Мониторинг на перформансите II“ ќе ги следи постигнувањата од претходната фаза, ќе ги мониторира перформансите на институциите и на разбирлив начин ќе ги презентира и соодветно ќе ја информира јавноста за структурните или други блокади поврзани со работењето на регулаторите. Периодичните извештаи ќе содржат низа наоди и препораки, со цел да придонесат за аргументирана јавна дебата и надзор за подобрување на работењето на регулаторните тела.

Овој (четврти) периодичен извештај се однесува на работата на АВМУ и на АЕК во периодот мај – август 2019 година и ја следи методологијата што беше изработена во рамки на „Мониторинг на перформансите I“. Врз основа на „Мониторинг-матрицата за работата на АВМУ и на АЕК“ креирана во консултација со двете регулаторни тела, објавена во јануари 2017 година [2], овој периодичен извештај ги следи и зема предвид спецификите и работењето на двете регулаторни тела од аспект на транспарентноста и отчетноста, ефикасноста и независноста, перформансите и заштитата на јавниот интерес.

Дополнително, за да се овозможи поедноставна и полесна пристапност до наодите од работењето на овие тела, а согласно усвоената методологија, овие мониторинг-извештаи се конципирани на начин што нуди поедноставено следење и интерпретација на наодите во поглед на клучните сегменти на мониторингот. Со воведување на мониторинг-матриците за секоја од идентификуваните четири области, сите граѓани, новинари, експертска јавност и заинтересирани чинители ќе можат на разбирлив начин да ги увидат забелешките, проблемите и перформансот на регулаторните тела нотирани од страна на истражувачкиот тим. Следењето на работата на АВМУ и АЕК е структурирано во засебни мониторинг-матрици и тоа:

1. **Транспарентност и отчетност;**
2. **Ефективност и независност;**
3. **Перформанси и извршување;**
4. **Јавен интерес.**

Матриците, првично, даваат генерална оценка на формалните и de facto аспекти од работењето на регулаторите. По области, индикаторите нотираат до која мера работата на регулаторите суштински влијае во подобрувањето на работењето и зголемувањето на независноста на двете агенции. Коментарите и препораките содржат корелација на индикаторите за усогласеност како и постоењето на надворешни влијанија или ризици. Графичкиот приказ на состојбите не ја одразува само моментната ситуација, туку посочува и кон потенцијални ризици поврзани со работата на регулаторите.

---

[1] Проектот започна со реализација во јуни 2018 и заклучно со март 2020 ќе ги мониторира АВМУ и АЕК и е поддржан од британската амбасада во Република Македонија, а е продолжение на истоимениот проект што се реализираше во периодот септември 2016 – март 2018 година од страна на истиот проектен конзорциум и донатор.

[2] Мониторинг-матрица за работата на АВМУ и АЕК, достапна на: http://eurothink.mk/documents/sHGS5RQrpszZA2TfG

# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (АВМУ)

## 1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

### Генерален пресек/оценка

Во овој период на мониторинг АВМУ покажа континуитет во своето отчетно и транспарентно работење. Објави голем број соопштенија и реакции, а беше доста застапена и во медиумите. Само во јули, на порталите и на телевизиите беа регистрирани над 170 објави поврзани со АВМУ.

Директорот на Агенцијата ги објави своите трошоци за патувања, репрезентација и телефон, направени во првото полугодие од 2019 година.

АВМУ спроведе четири јавни набавки, додека тендерот за подготовка на анализа за родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите беше поништен.

### Програмска транспарентност и отчетност

| | |
|---|---|
| **Седници на Советот** | Советот на Агенцијата во периодот од мај до август 2019 година, одржа 15 седници, од кои две беа јавни и пренесувани во живо на јутјуб-каналот [3] на АВМУ. Дневните редови за седниците, записниците и одлуките редовно беа објавувани на интернет-страницата на регулаторот. |
| **Јавни состаноци** | Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го одржа вториот јавен состанок [4] за 2019 година, на кој директорот Зоран Трајчевски ги презентира активностите од изминатиот квартал, спроведени во согласност со Годишната програма за работа.<br><br>На состанокот беа промовирани и публикациите „Политика за медиумска писменост“ и „Регулаторните тела за медиуми и заштитата на малолетните лица“, подготвени во рамките на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа – Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (Јуфрекс).<br><br>Состанокот беше емитуван во живо на јутјуб-каналот на АВМУ[5]. |
| **Претставки** | Граѓаните до АВМУ доставија вкупно 14 претставки [6], односно девет помалку во споредба со претходниот период на мониторинг.<br><br>Најчесто претставките се однесуваат на определена содржина објавена на некоја телевизија или радиостаница. Има претставки што се однесуваат на реемитување странски програмски сервиси од страна на операторите, како и претставки за непочитување на заштитата на малолетната публика.<br><br>АВМУ на интернет-страницата ги објавува редовно и претставките и одговорите на регулаторното тело. |

[3] Официјален јутјуб-канал на АВМУ, достатен на: https://www.youtube.com/channel/UCEYyMdFonG29RzsAjeRt-rQ
[4] Втор јавен состанок на АВМУ, достапен на: https://bit.ly/2B8oEaU
[5] Видео од вториот јавен состанок на АВМУ, достапно на: https://bit.ly/32bUYpd
[6] Претставки до АВМУ, достапни на: https://bit.ly/2MAfPvL

| | |
|---|---|
| **Интернет-страници, Фејсбук, Јутјуб, соопштенија и др.** | Официјалната интернет-страница на Агенцијата редовно се дополнува со документи и со други информации поврзани со нејзината работа.<br><br>На фејсбук-страницата 7 во овој период беа споделени неколку објави за активностите на АВМУ, додека на јутјуб 8 -каналот, заинтересираната публика можеше во живо да ги следи седниците на Советот и јавните состаноци.<br><br>Агенцијата ја администрира и интернет-страницата на Мрежата за медиумска писменост 9 , која содржи бројни информации за тековните активности на Мрежата и на нејзините членки.<br><br>Во овој период, АВМУ објави голем број соопштенија за јавноста (39) или, во просек, 10 соопштенија месечно. Едновремено, АВМУ беше доста застапена во медиумите (портали и телевизии) и тоа најмногу поради реакциите поврзани со определени изјави на политичарите, како и поради собранискиото одолговлекување на изборот на новиот совет на Агенцијата. Само во јули, на пример, беа регистрирани над 170 објави во медиумите поврзани со АВМУ. |

## Финансиска транспарентност и отчетност

| | |
|---|---|
| **Јавни набавки и склучени договори за услуги** | АВМУ спроведе четири јавни набавки во кои критериум за доделување на набавката беше најниската цена – набавка на службена облека, одржување и сервисирање лифтови и платформа, систематски прегледи, водоинсталатерски и електрични услуги[10].<br><br>Во овој период беше поништен тендерот [11] за Истражување - Анализа на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите, заради тоа што не била поднесена ниту една понуда, односно ниту една понуда не била прифатлива.<br><br>На интернет-страницата се објавени известувањата за склучени договори, како и поништените постапки.<br><br>Агенцијата отвори и постапка за јавна набавка за одржување на системот за мониторирање на РА и ТВ-сервиси и надзор над ОЈЕКМ.<br><br>На 30-тата седница [12] на Советот на АВМУ, едногласно беше изгласана одлуката за набавка на мопед за потребите на Агенцијата. Образложението за потребата од набавка е тоа што со мопедот би им се олеснила работата на доставувачите и би се намалиле високите трошоци за поштарина. Постапката е во согласност со Годишниот план за јавни набавки.<br><br>Советот на истата седница донесе и одлука за јавна набавка за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација во период од две години.<br><br>АВМУ ги демантира тврдењата на Центарот за граѓански комуникации, изнесени на 9 јули 2019 година, на презентацијата на третиот извештај во рамки на овој проект, дека Агенцијата има висок процент на поништени јавни набавки во минатата година[13]. Според регулаторот, во 2018 година биле поништени само две јавни набавки. |

[7] Официјална фан-страница на „Фесјбук“ на АВМУ, достапна на: https://bit.ly/2pl1xqB
[8] Јутјуб-каналот на АВМУ, достапен на: https://bit.ly/2IMFiRD
[9] Интернет-страницата на Мрежата за медиумска писменост, достапна на: https://bit.ly/2oCvT8d
[10] Јавни набавки нарачани од АВМУ, достапни на: https://bit.ly/2MAgfCl
[11] Известување за поништување на постапката за доделување договор за јавна набавка, достапно на: https://bit.ly/32cHf1g
[12] Записник од 30. седница на АВМУ, достапен на: https://bit.ly/2IO14UO
[13] Демант на АВМУ дека има висок процент на поништени јавни набавки, достапен на: https://bit.ly/33uCKz8

| | |
|---|---|
| **Трошоци на директорот** | АВМУ ги објави трошоците на директорот на АВМУ, Зоран Трајчевски, направени во првите шест месеци од годината.<br><br>Во периодот од јануари до 30 јуни 2019 година, директорот Трајчевски направил трошоци во вкупен износ од 273.231 денар. Оваа сума е помала за околу дваесет илјади денари во споредба со последните шест месеци од 2018 година (294.742 денари). За патување во странство, директорот на АВМУ потрошил 195.153 денари (за авионски билети – 90.272 и за хотелско сместување – 104.881). За репрезентација односно угостителски услуги потрошил – 59.809, а за службен мобилен телефон – 18.269 денари. |

## Коментари/препораки

- Практиката на објавување на трошоците на директорот треба да продолжи и во иднина.

- Со новиот Закон за јавните набавки од април годинава, проценетата вредност на набавката не е видлива до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите. Останува да се следат јавните набавки и да се анализира дали новата одредба влијае врз малиот број заинтересирани агенции и компании за тендерите на АВМУ, како и врз бројот на поништените јавни набавки затоа што не била доставена ниту една понуди или ниту една понуда не била прифатлива.

# 2. ЕФЕКТИВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ

## Генерален пресек/оценка

Реформите во медиумската сфера, вклучително и изборот на нови членови на советот на АВМУ и програмскиот совет на МРТ од страна на Собранието, останаа закочени. Власта и опозицијата се препукуваа, а Европската комисија во Извештајот за 2019 година укажува дека примената на законските измени бара силна политичка посветеност.

Советот на АВМУ повторно поведе постапка за испитување на сопственоста на 1ТВ, а во екот на случајот „Рекет“, на критиките од Здружението на новинари (ЗНМ,) јавно реагира дека како регулаторно тело има ограничени ингеренции во следењето на потеклото и текот на капиталот кај радиодифузерите.

Компанијата ГБЦ Комуникации поднесе тужби и кривична пријава за членовите на Советот и за дирктеторот, за несовесно работење во службата и за злоупотреба на службена положбата положба и овластување за доделувањето дозвола за радиоемитување на програмски сервис на македонски и албански јазик. Советот го одби предлогот за одложување на спроведувањето на одлуката со образложение дека Агенцијата целосно ја запазила законската постапка.

## Политики, стратегии и регулатива

| | |
|---|---|
| **Извештај на ЕК** | Во извештајот на Европската комисија (ЕК) за напредокот на земјата, кој беше објавен на 29 мај 2019 [14], во поглавјето 10 посветено на информатичкото општество и медиумите, се посочува дека измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги се усвоени, но дека примената ќе бара силна политичка посветеност за да се гарантираат професионализмот, почитувањето на принципите на транспарентност и системот на заслуги.<br><br>Европската комисија забележува дека финансиската одржливост на приватните медиуми и работните услови на новинарите остануваат предизвик и оти треба да се реши финансиската одржливост на јавниот радиодифузер МРТ. |

[14] Извештај од Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија објавен на 29 мај 2019 година, достапен на: https://bit.ly/2EGrVAe

| | |
|---|---|
| | Земјата ги исполнила препораките од извештајот за 2018 година, особено преку создавање поволна клима за медиумски плурализам. АВМУ, како што се посочува, имала надзорна улога за време на референдумот и на претседателските избори. Поради нејаснотии во правната рамка, Државната изборна комисија и<br><br>АВМУ презентирале противречни упатства за платеното рекламирање. |
| **Избор на нов совет на АВМУ** | Медиумите [15] во јули објавија серија написи за блокираниот избор на новите членови на советите на АВМУ и МРТ во Собранието и за листата со пријавени кандидати, со појаснување дека роковите за избор се одамна пробиени. Ова прашање предизвика внимание во јавноста и бројни меѓусебни партиски преписки.<br><br>Од владејачката партија повикаа претседателот на Комисијата за избори и именувања, Илија Димовски, да закаже итна седница за овие точки. Димовски во изјави за медиумите појасни дека закажал седница на Комисијата, но немало усогласени ставови меѓу пратеничките групи за кандидатите што се пријавиле на конкурсите што ги распиша Собранието уште пред претседателските избори, а кои беа замрзнати во изборниот период.<br><br>До затворањето на овој извештај, собраниската Комисија за избори и именувања не се состана и процесот за избор на нов совет на АВМУ и натаму е блокиран. |
| **Македонската радио-телевизија** | Директорот на АВМУ, на панелот посветен на обезбедувањето стабилно и независно финансирање на јавниот сервис, во рамките на регионалната конференција „Финансирање на јавните радиодифузни сервиси (JPC) во Западен Балкан“[16], укажа дека последните законските измени не произлегле од сериозна економска анализа за финансиските потреби на МРТ, кои ќе обезбедат реформи и ќе создадат вистински јавен радиодифузен сервис во земјата.<br><br>Директорот на Агенцијата посочил дека ако се спореди годишниот буџет на МРТ со буџетот на јавните сервиси на Хрватска, Словенија и Србија, јасно се гледа лошата состојба на домашниот јавен сервис. На конференцијата во Сараево, говореле и министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност во Владата, Роберт Поповски, и претседателката на Програмскиот совет на МРТ, Смилка Јанеска Саркањац. |
| **Нова постапка за испитување на сопственоста на 1ТВ** | Советот на АВМУ на 26 седница[17] донесе одлука за поведување постапка за испитување таен содружник во телевизијата 1ТВ по службена должност. Оваа точка претходно двапати се наоѓаше на дневен ред на седниците на Советот.<br><br>Причина за поведувањето на постапката е тоа што Бојан Јовановски, во интервју на телевизијата, изјави дека тој е сопственик на медиумот, а според податоците од Централниот регистар, сопственици се физичките лица: Миле Јовановски (95%) и Јасна Ерцеговиќ (5%). Со одлуката на АВМУ медиумот беше обврзан да се изјасни во врска со изјавата и да достави нотарски заверени изјави од физичките лица кои се сопственици на телевизијата. |

[15] Медиумите за изборот на членови на Советот на АВМУ и на програмскиот совет на МРТ, достапно на: https://bit.ly/33p3yAY
[16] Регионална конференција „Финансирање на јавните радиодифузни сервиси (JPC) во Западен Балкан“, достапно на: https://bit.ly/35vfTpi
[17] Записник од 26. Седница на АВМУ, достапен на: https://bit.ly/2VHu6ei

| | |
|---|---|
| | За постапката за 1ТВ до АВМУ стигнала и претставка.<br><br>**<u>Реакција на соопштението на ЗНМ</u>**<br><br>Во екот на обелоденувањето на случајот „Рекет“ и приведувањето на Бојан Јовановски, АВМУ реагираше [18] на соопштението на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) дека регулаторот не постапил во врска со можната злоупотреба на 1ТВ за нелегални активности. АВМУ критиките на своја адреса ги оцени како тенденциозни и нагласи дека законите за медиуми не му даваат надлежност на регулаторот да го испитува потеклото на капиталот на телевизијата.<br><br>**<u>Демант на МВР и реакција на АВМУ</u>**<br><br>Министерството за внатрешни работи[19] го демантира директорот на АВМУ, Зоран Трајчевски, во врска со неговата изјава дадена за емисијата „Код“ на телевизија „Телма“, дека Бојан Јовановски, неформалниот сопственик на 1ТВ, добил службено обезбедување од МВР. Министерството во својата реакција посочи дека Јовановски не добил обезбедување и оти директорот на АВМУ треба да ја штити јавноста од дезинформации и да внимава на етиката во известувањето на јавноста.<br><br>АВМУ реагира[20] со соопштение до јавноста насловено како „Проверка на информации не е дезинформација“, во кое појасни дека Трајчевски, во емисијата „Код“ кажал дека се чека одговор од МВР за да се утврди вистинитоста на добиените сознанија.<br><br>Во следно соопштение , АВМУ[21] извести дека МВР ги известило оти не презело активности и мерки за обезбедување на Јовановски. За ова прашање, Трајчевски го информира Советот на неговата 28 седница[22] и истакна дека не му е јасно што демантира МВР, бидејќи тој во емисијата не рекол оти Јовановски има обезбедување од МВР, туку дека прашува дали навистина добил таква заштита од полицијата.<br><br>**<u>Реакција до МОСТ</u>**<br><br>АВМУ преку соопштение ја повика граѓанската организација МОСТ, чијшто проект F2N2 се осврна на овој случај, да не дава „паушални оценки за дезинформации“ и невистинити податоци за регулаторот. Според Агенцијата, по нејзината реакција МОСТ направила корекција на посочената објава. |
| **Тужба за доделување дозвола за радиоемитување** | Некои портали[23] објавија дека компанијата „ГБЦ Комуникации“ поднела тужба против АВМУ и кривична пријава за членовите на Советот на Агенцијата и за директорот Зоран Трајчевски, за несовесно работење во службата и за злоупотреба на службената положба и овластување.<br><br>Тужбата е поднесена до Управниот суд по одлуката за доделување дозвола за радиоемитување на програмски сервис на македонски и албански јазик. Во образложението се наведува дека Советот во текот на постапката го прекршил Законот зашто и покрај тоа што на отворањето на понудите не била комплетна документацијата, му било дозволено на Фисник Татеши од Струга да ја добие дозволата за национално радио. Според јавниот конкурс што го објави АВМУ, некомплетните или неу- |

[18] Соопштение за став на ЗНМ, достапно на: https://bit.ly/318i2DW
[19] Демант на МВР, достапен на: https://bit.ly/2OI7MQ1
[20] Соопштение на АВМУ, достапно на: https://bit.ly/2OTco6f
[21] Соопштение на АВМУ, достапно на: https://bit.ly/32bB9ON
[22] Записник од 28. Седница на АВМУ, достапен на: https://bit.ly/35vgbfS
[23] Објави во медиуми, достапни на: https://bit.ly/2IMNxgg и https://bit.ly/33tLFB7

| | |
|---|---|
| | редно пополнетите пријави нема да се разгледуваат.<br><br>Од Агенцијата се бараше и одлагање на извршувањето на оваа одлука, но регулаторот не прифати. На 20 седница на Советот, советниците дискутираа за оваа точка, а Трајчевски образложи дека „ГБЦ Комуникации“, која исто така се пријавила на конкурсот, немала соодветни финансиски документи со кои може да ја гарантира работата на радиодифузерот. Едновремено, според АВМУ, со евентуалното доделување на дозволата на „ГБЦ Комуникации“ би се создала и недозволена медиумска концентрација. Советот со пет гласа „за“ и еден воздржан го одби предлогот за одлагање на извршувањето на одлуката за доделување дозвола за радиоемитување на државно ниво на македонски и на албански јазик.<br><br>Од АВМУ посочија дека станува збор за три тужби поднесени до нив, од кои, за две веќе се донесени пресуди во полза на Агенцијата од Управниот суд. |

## Реализација на активностите

| | |
|---|---|
| **Надзори, контроли, дозволи и други активности** | АВМУ спроведе вонреден административен надзор[24] кај сите радиодифузери што емитуваат телевизиска и радиопрограма и констатира дека ниту еден радиодифузер не извршил промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата.<br><br>Агенцијата изврши редовен административен надзор[25] врз сите 120 радиодифузери што емитуваат телевизиска или радиопрограма. Предмет на надзорот е обврската на радиодифузерите да објават податоци за сопственичката структура, уредништвото и изворите на финансирање во претходната година, односно најдоцна до 30 јуни 2019 година. Законската обврска не ја исполниле само два радиодифузера.<br><br>Советот на Агенцијата одлучи едногласно да покрене прекршочна постапка пред судот за МРТ 2 поради непочитување на законската одредба за објава на импресум[26].<br><br>Советот на АВМУ едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за работа на ТВ „Шења“ зашто радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување[27]. Откако радиодифузерот го уплатил износот, постапката беше запрена[28]. |
| **Студии, истражувања** | АВМУ во овој период на мониторинг ги промовира публикациите: „Политика за медиумска писменост“ и „Регулаторните тела за медиуми и заштитата на малолетните лица“[29], подготвени во рамките на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа – Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (Јуфрекс).<br><br>Публикацијата „Политика за медиумска писменост“ претставува патоказ за натамошниот развој на медиумската писменост во земјата и во неа се опфатени четири компоненти – критичка свесност, дигитална добросостојба, свет на емоции и полноправно граѓанство, на кои Агенцијата заедно со другите релевантни фактори од оваа област треба да работи во следниот период. |

[24] Писмен извештај за извршен административен надзор, достапен на: https://bit.ly/2INf6WT
[25] Редовен административен надзор врз сите 120 радиодифузери коишто емитуваат ТВ или радиопрограма, достапен на: https://bit.ly/2MdHrYk
[26] Записник од 24. Седница на АВМУ, достапен на: https://bit.ly/2OTfyH9
[27] Записник од 22. Седница на АВМУ, достапен на: https://bit.ly/319CzI7
[28] Записник од 24. Седница на АВМУ, достапен на: https://bit.ly/2OTfyH9
[29] Публикациите „Политика за медиумска писменост“ и „Регулаторните тела за медиуми и заштитата на малолетните лица“, достапни на: https://bit.ly/2B8oEaU

| | |
|---|---|
| | Целта на публикацијата „Регулаторните тела за медиуми и заштитата на малолетните лица“, пак, е да се придонесе кон пошироко разбирање на концептот на заштита на малолетните лица од штетните содржини на аудиовизуелните услуги, како и улогата на националните регулаторни тела во оваа област.<br><br>**<u>Извештај за медиумската сопственост во 2018</u>**<br><br>Во овој период, Агенцијата подготви и „Извештај за медиумска сопственост“[30]. Во него се содржани податоци за сопствениците на радиодифузерите и на печатените медиуми, податоци за промените во сопственичката структура на радиодифузерите и интеграцијата на капиталот меѓу радиодифузерите во 2018 година, како и активностите што Агенцијата ги презема во насока на спречување на недозволената медиумска концентрација.<br>Како сопственици на 123 радиодифузери се јавуваат вкупно 138 лица – 25 правни и 113 физички лица. Само една од петте терестријални телевизии на државно ниво е целосно во сопственост на физичко лице (ТВ „Канал 5“, чиј сопственик е Емил Стојменов). Основачи на три од нив (ТВ „Алфа“, ТВ „Сител“ и ТВ „Телма“) се правни лица. Доминантен сопственик на ТВ „Алсат-М“ е правно лице (99,86%), а преостанатите проценти од сопственоста ги поседуваат две физички лица.<br><br>**<u>Досег на радијата и удел на телевизиите во вториот квартал од 2019 година</u>**<br><br>АВМУ ги објави податоците и за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на ТВ-станиците за вториот квартал од 2019 година[31]. На дневно и неделно ниво најгледана телевизија е „Сител“, а најслушано радио е „Антена 5 ФМ“.<br><br>**<u>Анализата на пазарот за 2018 година</u>**<br><br>Агенцијата изработи „Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година“[32]. Анализата ги опфаќа податоците за економското работење на јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните телевизии и радија, како и податоците од мерењата на гледаноста и слушаноста на ТВ и радиостаниците. Во 2018 година продолжил падот на вкупните приходи во индустријата. Во споредба со претходната година, приходите на Македонската радио-телевизија (МРТ) се намалиле за 8,44%, на комерцијалните телевизии за 4,52%, а на комерцијалните радиостаници за 3,60%. |
| **Работни средби и состаноци** | Директорот на АВМУ, Зоран Трајчевски, одржа работен состанок со коизвестителите на Мониторинг-комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа[33]. На средбата се разговарало за состојбата во медиумската сфера, слободата и независноста на медиумите. Акцент бил ставен на медиумските реформи, измените на Законот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, јавниот радиодифузен сервис и медиумите воопшто.<br><br>Претставници на АВМУ учествуваа на завршната конференција на проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)“, во Сараево, Босна и Херцеговина, на петнаесеттиот Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 49-тиот состанок на ЕПРА, како и на состанокот на контакт-мрежата на ЕРГА. |

[30] Извештај за медиумска сопственост, достапен на: https://bit.ly/2pl6pfn
[31] Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, за вториот квартал од 2019 година, достапни на: https://bit.ly/35yAetB
[32] Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година, достапна на: https://bit.ly/2ZtiwDG
[33] Делегација коизвестители на ПС на СЕ во работна посета на АВМУ, https://bit.ly/2MAljXn

## Коментари/препораки

■ Препорачуваме Собранието што побрзо да го продолжи и заокружи изборот на членовите на новиот Совет на АВМУ и на МРТ. Непочитувањето на законските обврски целосно го закочи процесот на реформи во ова регулаторно тело и со тоа ја потврди констатацијата на Европската комисија дека примената на законските измени бара силна политичка посветеност.

■ Препорачуваме што побрзо да започнат и реформите во јавниот радиодифузен сектор. Состојбите во МРТ, особено нејзината финансиска одржливост се проблеми кои ги посочуваат сите (ЕУ, власта, АВМУ), но од законските измени досега не се направени никакви длабински реформи, освен што се укина радиодифузната такса и финансирањето се префрли од државниот буџет. Надлежното министерство, АВМУ и сите релевантни фактори треба да бидат проактивни и сериозно да се вложат во реформите, кои треба да овозможат создавање вистински самостоен и независен јавен радиодифузен сервис.

■ Случувањата поврзани со телевизија 1ТВ се нов показател за итната потреба од креирање соодветна политика, регулатива и ефикасни механизми за следење на сопственичката структура во медиумите, вклучително и текот на парите.

# 3. ПЕРФОРМАНСИ И ИЗВРШУВАЊЕ

## Генерален пресек/оценка

Во овој период АВМУ му додели еднократна парична помош на еден вработен, повреден во сообраќајна незгода.

## Човечки капацитети

| | |
|---|---|
| **Еднократна парична помош на вработен** | Советот на АВМУ донесе одлука за исплата на еднократна парична помош на работник во Агенцијата, повреден во тешката сообраќајна несреќа што се случи на патот Скопје - Тетово, кај местото Ласкарци[34]. Исплатата е поради подолготрајно боледување. |
| **Технички грешкиво печатот и натписот на Агенцијата на албански јазик** | На 23 седница на Советот на Агенцијата беше констатирано дека има печатни грешки во таблата и печатот на Агенцијата со новото име на државата на албански јазик[35]. Грешките беа коригирани. |

## Коментари/препораки

■ Грижата за вработените и нивната благосостојба треба да е императив за секој работодавач. Добро е што, според АВМУ, тоа веќе го има вградено во својот правилник.

# 4. ЈАВЕН ИНТЕРЕС

## Генерален пресек/оценка

АВМУ и натаму е активна на полето на медиумската писменост, а во овој период активно реагираше и во насока на заштита на независноста на новинарите, уредниците и медиумите од власта и политичарите.

Агенцијата, исто така, реагираше за дискриминаторскиот јазик спрема ЛГБТИ-заедница присутен во медиумите и во изјавите на политичарите.

[34] Записник од 23. Седница на АВМУ, достапен на: https://bit.ly/2q5cGMI
[35] Ибид

## Создавање поволна клима во секторот

| | |
|---|---|
| **Слобода на медиумите** | АВМУ по повод Светскиот ден на слобода на медиумите[36]. констатира дека граѓаните се сведоци на сѐ повеќе дезинформации и оти лажните вести се огромна закана, и за медиумите и за демократијата. Во таа насока, АВМУ потсети дека брзите, точни и навремени информации и натаму се главни предизвици за медиумите во информирањето на јавноста и извршувањето на нивната улога - коректор на власта. |
| **Медиумска писменост** | Во АВМУ се одржа состанок[37] на Мрежата за медиумска писменост, на кој претставници на Македонскиот институт за медиуми, Фондацијата „Метаморфозис" и Младинскиот образовен форум информираа за тековните активности за регрантирање граѓански организации во рамките на проектите финансирани од Европската Унија. Агенцијата на оваа средба го презентира документот „Политика за медиумска писменост".<br><br>Агенцијата и Мисијата на ОБСЕ потпишаа Меморандум за соработка за заеднички активности за подигнување на нивото на медиумската писменост во државата[38]. |
| **Програма за достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост** | Советот на Агенцијата го усвои Извештајот за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост, за периодот 2016-2018 година[39]. |
| **Реакции кон Премиерот** | АВМУ реагира[40] за ангажманот на актуелни новинари како советници на премиерот. Агенцијата предупреди дека ваквиот двоен ангажман може да претставува пречка за поставување професионална дистанца во информирањето на јавноста и да ја загрози слободата на изразување.<br><br>Агенцијата ја осуди изјавата[41] на премиерот Зоран Заев во врска со случајот „Рекет". АВМУ констатира[42] дека Премиерот како носител на јавна функција, наместо да ја прифати и да ја почитува улогата на новинарите како критичари на работата на власта се обидува да дискредитира новинар со зборот „суетен" и наместо да покаже највисоко ниво на почитување на различностите, тој употребува етикетирање што е дерогирачко за ЛГБТ-лицата, алудирајќи на зборот „педер". Во соопштението се наведува дека премиерот Заев не ја почитува ниту пресумпцијата на невиност. |
| **ЛГБТИ-заедницата во медиумите** | Со соопштение до јавноста, АВМУ реагира[43] за емитувањето на емисијата „Збор по збор" на ТВ „Алфа", бидејќи бил употребен терминот „педерски", со кој се дискриминира ЛГБТ-заедницата. Агенцијата спроведе вонреден програмски надзор по службена должност и констатираше дека телевизијата прекршила две начела за вршење на дејноста. |

[36] Честитка по повод Светскиот ден на слобода на медиумите, достапна на: https://bit.ly/33vz3to
[37] Состанок на Мрежата за медиумска писменост, https://bit.ly/32ddgq3
[38] АВМУ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе работат на подигање на свеста за медиумската писменост, https://bit.ly/2nMAnc4
[39] Извештај за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост, за периодот 2016-2018 година, достапна на: https://bit.ly/2OGUaV9
[40] Соопштение за јавност, достапно на: https://bit.ly/33spkny
[41] Изјава на премиерот Зоран Заев во врска со случајот „Рекет", достапна на: https://bit.ly/2ILF64Y
[42] Соопштение на АВМУ за изјавата на премиерот Зоран Заев, достапно на: https://bit.ly/2IKcYzi
[43] Соопштение на АВМУ за ТВ „Алфа", достапно на: https://bit.ly/2MFC2bx

| | |
|---|---|
| **Реакции за заштита на независноста и самостојноста на новинарите, уредниците и медиумите** | АВМУ реагираше[44] во врска со оставката на главниот и одговорен уредник на весникот „Слободен печат“, Бранко Героски. Регулаторот во соопштението потенцира дека независноста и самостојноста на уредниците и новинарите мора да биде гарантирана<br><br>АВМУ[45] реагираше и на изјавата на генералниот секретар на Владата дадена на прес-конференција дека ќе покрене тужби против новинари и медиуми. Агенцијата соопшти дека ваквите постапки преставуваат директен притисок врз работата на медиумите.<br><br>Агенцијата во друго соопштение[46] за истиот случај го осуди повикувањето на разговор на новинарите Горан Момироски и Љупчо Златев во просториите на СВР Скопје поради нивните написи за наводна злоупотреба на службената положба на генералниот секретар на Владата и барањето да ги откријат своите извори на информации.<br><br>АВМУ објави уште едно соопштение за јавноста[47] поврзано со изјави на високи владини претставници дека планираат да тужат новинари затоа што  ги довеле во корелација со случајот „Рекет“. |

## Коментари/препораки

- Во овој период се забележува зачестено реагирање на АВМУ за притисоци и вербални напади врз новинари од страна на политичари, претставници на власта и државни институции, што не беше константна практика во периоди, во минатото, кога бројот на политички напади и притисоци врз новинари и медиуми беше далеку поголем и почест.[48]

- Будноста и подготвеноста на Агенцијата да реагира на дискриминирачкиот јазик во медиумите насочен спрема ЛГБТИ-заедницата е позитивен исчекор, кој треба да претставува константа во заштитата и промоцијата на основните човекови права и, секако, јавниот интерес.

[44] Соопштение за јавноста, достапно на: https://bit.ly/2pgG4iR
[45] Соопштение за заканите кон медиуми, достапно на: https://bit.ly/33xt3jP
[46] Соопштение за барањата за откривање на изворите, достапно на: https://bit.ly/33vsQO3
[47] Соопштение на АВМУ во врска со најавите за тужби за новинари во врска со случајот „Рекет“, достапно на: https://bit.ly/32e0F5J
[48] На интернет страницата на АВМУ во одделот за соопштенија, како и во записниците на Советот не може да се најдат реакции на регулаторот за серија минати вербални и физички напади и притисоци врз новинари од страна на високи претставници на власта и политички партии. На пример, не може да се најде реакција на АВМУ за случајот на новинарот Томислав Кежаровски, од неговото приведување во мај 2013 година, до сега. Во целиот овој период реакциите на домашната и меѓународната заедница, особено на домашните и меѓународните релевантни институции и организации за заштита на слободата и независноста на медиумите и новинарите (ОБСЕ, Репортери без граници, Фридом Хаус, Меѓународната федерација на новинари, Европската федерација на новинари, Здружението на новинари и др.), се постојани и жестоки. АВМУ не реагираше ниту на физичкиот напад на тогашниот вицепремиер Владимир Пешевски врз Саше Ивановски, сопственикот на порталот Мактел, во средината на 2015 година. За овој напад, исто така, реагираа домашните и меѓународните релевантни институции и организации за заштита на слободата и независноста на медиумите и новинарите (Фридом Хаус, Амнести Интернешнл, Здружението на новинари и др.) АВМУ не го регистрираше, ниту вербалниот напад/навреди кон Санта Аргирова, тогашна уредничка на информативната програма на МРТ1, од страна на тогашниот лидер на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски изречени на митинг на партијата, на 16 октомври 2016 година.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ (АЕК)

## 1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

### Генерален пресек/оценка

Во мониторираниот период, регулаторот продолжи со солидно ниво на транспарентно и отчетно работење.

АЕК објави голем број соопштенија за јавноста, реализираше јавни расправи, а спроведе и низа јавни набавки. Информациите на трите интернет-страници редовно се ажурираат, но сè уште недостигаат определени податоци наспроти нашите забелешки и препораки во претходните извештаи.

И покрај измените во Составот на Комисијата на АЕК, на главната интернет-страница сè уште недостигаат биографиите на членовите на Комисијата, вклучително и на двата нови члена, како и на директорот на АЕК.

Забележано е подобрување на квалитетот на изработка на записниците од состаноците на Комисијата, тие се подетаљни и посеопфатни. Сепак, во дел од нив недостигаат клучни информации кои се од интерес за јавноста, како што се причините за разрешување на претседателката на Комисијата на АЕК.
Започната е реконструкција на интернет-страниците (аек.mk и komuniciraj.mk), но засега освен променетиот графички изглед, не се забележливи никакви други промени во содржината, структурата и достапноста на информациите.

Континуитетот на слаба активност на социјалните мрежи („Фејсбук“, „Твитер“ и „Јутјуб“) останува голем проблем во комуникацијата со јавноста.

### Програмска транспарентност и отчетност

| | |
|---|---|
| **Состаноци на Комисијата на АЕК** | Комисијата на АЕК, во периодот мај - август 2019 година одржа седум состаноци[49].<br><br>По подолго време, три записници од состаноците на Комисијата на АЕК беа објавени на интернет-страницата на АЕК по законскиот рок[50], со што се прекина добрата пракса на редовно објавување. Имајќи предвид дека состаноците се од затворен тип, единствениот начин јавноста да се информира за работата на Комисијата се записниците и затоа е навистина важно тие да бидат навремено објавувани.<br><br>На 13-тиот состанок на Комисијата[51], на 15 август, отсуствувале тројца членови[52]. Бидејќи мнозинството членови на Комисијата не присуствувало на состанокот, тој беше одложен на неопределено време. Во записникот од тринаесеттиот состанок, како и во наредниот четиринаесетти состанок не беа посочени причините за отсуството на членовите.<br><br>**<u>Квалитетот на информациите во записниците</u>**<br><br>Проектниот тим во изминатите мониторинг-извештаи редовно го нотираше недостигот од подетаљни информации во записниците од состаноците на Комисијата. Во овој период е забележано подобрување на квалитетот на изработката на записници- |

[49] Записници од состаноците на Комисијата на АЕК, достапни на: https://bit.ly/2pArVgo
[50] Закон за електронските комуникации, Член 20
[51] Записник од состанокот бр.13 на Комисијата на АЕК за 2019 година, достапен на: https://bit.ly/2pv1jNZ
[52] Отсутни членови на 13 состанок на Комисијата на АЕК биле: Дешира Имери, Стевица Јосифовски и Ервин Реџепагиќ

| | |
|---|---|
| | те, особено во делот на нивната сеопфатност. Како позитивен пример би издвоиле дека во записниците, во делот поврзан со барањата согласност за јавни набавки, забележлива е промена во однос на детаљноста за основата и потребите на јавната набавка. Дополнително, во записниците се вклучени и предлозите од претставниците на стручните служби на АЕК поврзани со јавните набавки.<br><br>Сепак, во дел од записниците недостигаат клучни информации кои се од интерес за јавноста. Таков е примерот со записникот од 14-тиот[53] состанок на Комисијата, во кој на барање на членот Стевица Јосифовски било разгледувано работењето на претседателката Гордана Клинчарова и бил даден предлог за нејзино разрешување и избор на нов претседател. Во записникот нема никакви детали за причините за разрешувањето, ниту е посочено образложението на претседателката.<br><br>Повеќе информации за разрешувањето на претседателката на Комисијата на АЕК можете да видите во делот 2. ЕФЕКТИВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ. |
| **Јавни расправи, состаноци и одлуки** | **<u>Јавни расправи</u>**<br><br>Во мониторираниот период, АЕК отвори **две јавни расправи**:<br><br>■ Одлуката за утврдување на максималните цени на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи во регионот на Западен Балкан;<br>■ Предлог-измени и дополнувања на финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 години<br><br>За двете јавни расправи не беа одржани состаноци.<br>Сите потребни документи и предлог-измени[54] беа навремено поставени и достапни на интернет-страница на Агенцијата.<br><br>**<u>Одлуки</u>**<br><br>Ва овој период се објавени **четири** одлуки[55].<br>■ Изменување на одлуката за утврдување релевантни пазари што се подложни на претходна регулација;<br>■ Утврдување на максималните цени на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи во регионот на Западен Балкан;<br>■ Разрешување на претседател на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;<br>■ Избор на претседател на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации[56]. |
| **Интернет-страниците, „Фејсбук“, „Јутјуб“, соопштенија и др.** | Интернет-странците и официјалните социјални мрежи на АЕК претставуваат значајна информативна оска, која е од голема важност, особено во делот на транспарентноста и отчетноста на нејзината работа.<br><br>**<u>Интернет-страници</u>**<br><br>На главната интернет-страница (аек.mk)[57] продолжува праксата на навремено објавување на најголем дел од документите, информациите, соопштенијата и другите содржини поврзани со работата на АЕК. |

[53] Записник од состанок бр.14 на Комисијата на АЕК за 2019 година, достапен на: https://bit.ly/2mV2zJ8
[54] Јавни расправи, достапни на: https://bit.ly/2oPqDhq
[55] Одлуки АЕК, достапни на: https://bit.ly/2nbiFOY
[56] Одлуката за разрешување на претседателката на Комисијата на АЕК, како и одлуката за избор на претседател на Комисијата се објавени на 10 септември, но датумот на донесување на Актот е 29 август.
[57] Интернет-страницата на АЕК, достапна на: http://www.aek.mk

Сепак, во некои сегменти забележлив е недостиг на информации. Воедно, и покрај измените во Составот на Комисијата на АЕК, на главната интернет-страница сѐ уште ги нема биографиите на членовите на Комисијата, вклучително и на двата нови члена, како и на директорот на АЕК.

Во однос на достапноста на информациите на страницата (komuniciraj.mk), во делот претплатнички договори и нејонизирачко зрачење, продолжува добрата практика на активно содржинско надградување. Препорачуваме ова да се примени и во делот легислатива, каде што последната вест датира од 2015 година.

Извештајот од испитувањето на јавното мислење за резиденцијални корисници посочува дека за оваа интернет-страница се свесни само 13% од населението. Свесноста за оваа интернет-страница е во постојан пад во последните четири години.

Во изминатиот период не се забележани некои значајни промени во однос на редовноста при ажурирањето на содржините на третата интернет-страница (e-agencija.aek.mk).

Важно е да се напомене дека АЕК започна со реконструкција на интернет-страниците (аек.mk и komuniciraj.mk), но засега, освен променетиот графички изглед, не се забележливи никакви други промени во структурата и достапноста на информациите.

**Посетеност на интернет-страниците**

Во мониторираниот период, главната интернет-страница на АЕК (aek.mk) стандардно има најголема посетеност со вкупен број од 16.016 посети. По неа со приближно ист број посетители следуваат komuniciraj.mk, со 2.362, и e-agencija.aek.mk, со 2.342 посети.

## Посетеност на трите интернет-страници во периодит од мај - август 2019 година




**Социјални мрежи**

Активноста на социјалните мрежи повторно беше речиси незначителна. АЕК единствено беше активна на својот јутјуб-канал (aecmkd), каде што беа објавени 11 видеа од сесиите од меѓународната регулаторна конференција во Охрид и од Конференцијата за сајбер-безбедност.

На вториот јутјуб-канал (АЕК TV), како и на нејзините офи-

| | |
|---|---|
| | цијални профили на „Фејсбук“ и „Твитер“[58], Агенцијата воопшто не беше активна.<br><br>**Соопштенија**<br><br>Во периодот мај - август 2019 година, АЕК објави 11 соопштенија[59] на следниве теми:<br>▪ Известување за одржување испит за аматерски радиооператори;<br>▪ Привремен прекин на услугата Преносливост на мобилни и фиксни телефонски броеви;<br>▪ Извештај за параметрите за квалитет на услугите што се остваруваат преку јавните мобилни мрежи за населено место Скопје;<br>▪ Конференција за сајбер-безбедност, Охрид, 5 - 6 јуни 2019;<br>▪ Спроведување постапка за јавен тендер со јавно наддавање за доделување одобрение за користење радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1965-1980/2155-2170 MHz;<br>▪ Меѓународната регулаторна конференција 2019;<br>▪ Информација за промена на канали за DVB-T;<br>▪ Документи за трета анализа на пазар во делот на преглед на анализа на пазари, големопродажба;<br>▪ Документи за анализа на пазар во делот на преглед на анализа на пазари, големопродажба;<br>▪ Неуспешен тендер;<br>▪ Прекин на јавна расправа и усвојување нов финансиски годишен план. |
| **Соработка на проектниот тим со АЕК** | За потребите на мониторингот и во овој квартал бевме во континуирана комуникација со претставниците на АЕК. Мора да констатираме дека отвореноста на претставниците на АЕК кон проектниот тим и во овој период беше на задоволително ниво. |

## Финансиска транспарентност и отчетност

| | |
|---|---|
| **Дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година** | На 10-тиот состанок на Комисијата на АЕК[60] е дадена согласност за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година. Според претставниците на стручната служба на АЕК, измената на Годишниот план е, всушност, од технички карактер, односно набавките биле предвидени во финансискиот план, но поради претходен пропуст, биле испуштени во генералниот план за јавни набавки.<br><br>Сепак, на интернет-станицата на АЕК сè уште не е поставена ажурираната верзија на Годишниот план за јавни набавки.<br><br>И натаму на официјалната интернет-страница на АЕК не се објавуваат известувањата за склучените договори, ниту, пак, самите договори за јавни набавки, иако, во многу мониторинг-извештаи наназад оваа појава е нотирана како недостиг што влијае врз генералната слика за транспарентноста на овој регулатор. |
| **Јавни набавки и склучени договори за услуги** | Според електронскиот систем за јавни набавки, од мај до август 2019 година, АЕК спроведе 17 јавни набавки[61] во кои критериум за доделување на набавката беше најниската цена: Надворешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура од аспект на заштита на личните податоци; Поправка и сервисирање службени моторни возила; Курирски услуги - брза и приоритетна пошта за меѓународен сообраќа (2 различни договора со различни носители на набавка); Превентивно одржување на Централниот систем за преносливост на броеви; Клиентска инфор- |

[58] Последната објава на твитер-профилот датира од април 2015 година
[59] Соопштенија на АЕК, достапни на: https://bit.ly/2prUsER
[60] Записник од состанок бр.10 на Комисијата на АЕК за 2019 година, достапен на:https://bit.ly/2o8igNG
[61] Јавни набавки, АЕК достапни на https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts/0

| | |
|---|---|
| | матичка опрема (4 различни договори); Печатарски услуги; Услуга за организирање конференции и состаноци за потребите на АЕК (3 различни договори); Репрезентативен материјал; Дезинфекција, дезинсекција и дератизација; Одржување и сервисирање на термотехничката инсталација во објектите на АЕК и Услуги за чистење на деловните простории на АЕК.<br><br>Во овој период немало ниту едно поништување на оглас за јавна набавка. |

## Коментари/препораки

- Препорачуваме да се задржи добрата пракса на редовно објавување на најголем дел од информациите и материјалите на трите интернет-странци.

- За поздравување е забележителното подобрување на квалитетот на изработка на записниците. Сепак, во дел од нив недостигаат клучни информации што се од интерес за јавноста. Препорачуваме во записниците, особено за темите што се од општ интерес (промени на раководните структури, измени во годишни извештаи, итн.), да се даваат целосни информации, затоа што на ваков начин се добива впечаток дека одредени информации намерно се недостапни за јавноста.

- Потребен е посериозен пристап во користењето на социјалните мрежи за да се подобри комуникацијата со јавноста. Повторно предлагаме најголем дел од новообјавените содржини (соопштенија, најави за настани итн.) што се поставуваат на трите интернет-страници да бидат истовремено објавувани на социјалните мрежи, со што ќе се зголеми видливоста на работата на регулаторот.

- Во тек е реконструкција на интернет-страниците aek.mk и komuniciraj.mk, но засега освен променетиот графички изглед, не се забележливи никакви други промени во структурата и достапноста на информациите. Препорачуваме да се земат предвид коментарите и препораките во рамките на овој проект во изминатите три години.

- Препорачуваме покомплетни и подетаљни информации за јавните набавки, вклучувајќи ги и одлуките за склучување договори и договорите за јавните набавки.

- Во најбрзо време на интернет-страницата да бидат објавени биографиите на членовите на Комисијата, вклучително и на двата нови члена, како и на директорот на АЕК. Истото се однесува и на ажурираната верзија на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година.

# 2. ЕФЕКТИВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ

## Генерален пресек/оценка

АЕК ги објави Извештаите за развој на пазарот за електронски комуникации за четвртиот квартал од 2018 и првиот квартал од 2019 година, како и Извештајот од испитувањето на јавното мислење од аспект на заштита на корисниците на електронски комуникациски услуги, резиденцијални корисници.

Комисијата на АЕК ги разгледуваше состојбата со антенскиот систем на Водно и фазата во која се наоѓа предметот за донацијата доделена на ЈП Скопје за изградба на тркало на реката Вардар. Во записниците само површно е опишана фазата во која се двата предмета.

Во овој период се случуваа значителни организациски промени во АЕК. Прво беше разрешена претседателката на Комисијата, Гордана Клинчарова, и за нов претседател беше избран Стевица Јосифовски. На предлог на новиот претседател, Комисијата донесе одлука за разрешување на директорот на АЕК. Формалното разрешување на директорот треба да следува по состанокот на кој ќе му биде овозможена одбрана.

Во измените на Годишниот финансиски план на АЕК за 2019 година, повторно се предвидуваат средства за буџетската ставка „Помошти, донации и други давачки“ во износ од 6.150.000 денари.

| | |
|---|---|
| | Во извештајот на ЕК за напредокот на Република Северна Македонија се посочува дека е потребна долгорочна Стратегија за информатички и комуникациски технологии (ИКТ). |

## Извештаи, проекти и донации

| | |
|---|---|
| **Квартални извештаи за развојот и состојба на пазарот за електронски комуникации** | Во периодот мај - август 2019 година, Агенцијата објави два квартални извештаја[62], Извештај за развој на пазарот за електронските комуникации во четвртиот квартал[63] од 2018 година и Информации за состојбата на пазарот за електронските комуникации во мобилната и фиксната телефонија за првиот квартал од 2019 година[64].<br><br>Во уделот на операторите во вкупниот број активни претплатници, во четвртиот квартал од 2018 година, ВИП Оператор учествува со 49,25%, а Македонски телеком со 48,60%. во првиот квартал од 2019 година ВИП Оператор учествува со 49,44%, додека Македонски телеком со 48.27%. Преостанатите два виртуелни оператора Лајкамобајл и Роби Телекабел, остануваат со незначителни удел на пазарот од 2.08% односно 0.2%. |
| **Извештај од испитување на јавното мислење од аспект на заштита на корисниците на електронски комуникациски услуги, резиденцијални корисници** | Во овој период беше објавен **Извештајот од испитувањето на јавното мислење во однос на пазарот на електронските комуникации во РМ за резиденцијални корисници**[65], кое било спроведено на репрезентативен примерок од 1100 испитаници во периодот од 23 мај до 31 мај 2019 година.<br><br>Последниот дел од Извештајот е посветен на свесноста на испитаниците за АЕК, како и за јавните услуги на Агенцијата.<br><br>Според податоците, поголем дел од граѓаните (62%) се свесни за постоењето на АЕК. Свесноста е зголемена во споредба со претходните три години, но намалена за речиси 10% во споредба со на 2014 година. Само 22% од граѓаните располагаат со доволно информации за постапката за поднесување барање за решавање спор до АЕК, што е намалување од 10% во споредба со 2018 година. Што се однесува до Контакт-центарот (бројот 190) на АЕК, ова алатка ја искористиле само 4% од населението.<br><br>Само 14% од граѓаните се запознаени дека АЕК има законска обврска да ги прегледува стандардните претплатнички договори на сите оператори и ги одобрува пред да бидат објавени. |
| **Преименување на донацијата до ЈСП Скопје за Панорамското тркало на Вардар** | На десеттиот состанок, Комисијата го разгледала барањето од ЈСП Скопје, за измена на предметот на донацијата при што било донесен заклучок да се постапи идентично како при склучување на договорите за донација, односно анексите кон договорите за донација да се доставaт до Министерството за правда за утврдување на јавниот интерес на преименуваниот проект „Градење пешачки мост".<br><br>Преку алатката за пристап до информации од јавен карактер, до Агенцијата беше испратено барање за информација за преименувањето на донацијата и пренамената на средствата, како и за моментната состојба на проектот „Панорамско тркало со придружни објекти мостови". Во одговорот добиен од АЕК беше посочено дека се остварени неколку состаноци со претставни- |

[62] Квартални извештаи за развој на пазарот на електронските комуникации достапни на: https://bit.ly/2oHVoED
[63] Извештај за развој на пазарот за електронските комуникации во четвртиот квартал од 2018 година, достапен на: https://bit.ly/2oC5iaX
[64] Информации за состојбата на пазарот за електронските комуникации во мобилната и фиксната телефонија за првиот квартал од 2019 година, достапен на: https://bit.ly/2pumFLl
[65] Испитување на јавно мислење достапно на: https://bit.ly/2pppUn7

| | |
|---|---|
| | ци на јавното претпријатие, но за делот на нашето прашање -моментната состојба на проектот „Панорамско тркало“, особено околу делот за пренамена на средствата и негово преименување - нè упатија да се обратиме до ЈСП Скопје како инвеститор на проектот или до Град Скопје како основач и сопственик на ЈСП Скопје од Скопје.<br><br>Преку алатката пристап до информации од јавен карактер, од ЈСП Скопје добивме информации за моменталната состојба во врска со донацијата од АЕК. По одлуката на Советот на Град Скопје за изменување и дополнување на проектот, донесена на 30.05.2018 година, средствата предвидени за Панорамското тркало да бидат искористени за изградба на пешачки мост на реката Вардар, ЈСП Скопје побарала од АЕК да склучат анекси на договори за донациите со кои точно ќе се дефинира објектот. Причина за ова е дека за предметниот објект се употребуваат повеќе термини кои се разликуваат без да бидат прецизирани деталите за објектот кој се гради од донираните средства (технички број на проектна документација, број на одобрение за градба, адреса на објектот и др.), а називот на објектот наведен во договорите за донација “Панорамско тркало со придружни објекти и мостови” не фигурира во издаденото Одобрение за градба и Решение за измени во текот на градба.<br><br>Да потсетиме, во периодот од 2014 до 2016 година Агенцијата донираше вкупно 518.252.011 денари за изведба на проектот „Панорамско тркало со придружни објекти мостови.” |
| **Донации** | На осмиот[66] и десеттиот[67] состанок на Комисијата биле презентирани барањето за донација од Правниот факултет од Кичево и Здружението на граѓани „Св. Богородица“ од с. Галате, но биле одбиени бидејќи во финансискиот план за 2019 не се предвидени средства за донации.<br><br>Важно е да се напомене дека во измените на Годишниот финансиски план на АЕК за 2019 година повторно се предвидуваат средства за буџетската ставка „Помошти, донации и други давачки“ во износ од 6.150.000 денари.<br><br>Повеќе информации околу измените во Годишниот финансиски план на АЕК за 2019 година, можете да видите во делот 3. ПЕРФОРМАНСИ И ИЗВРШУВАЊЕ. |
| **Извештај од Европската комисија за напредокот на РСМ Поглавје 10 -** Информатичко општество и медиуми | Во извештајот на ЕК за напредокот на Република Северна Македонија објавен на 29 мај 2019 [68] се посочува дека земјата е умерено подготвена во Поглавјето 10 - Информатичко општество и медиуми.<br><br>Во делот за електронски комуникации и информатички и комуникациски технологии (ИКТ) директно се наведува дека по повеќегодишно посочување во извештаите за напредокот од ЕК, земјата конечно започна со реализација на подготовките за воведување на Европскиот број за итни повици 112 со цел усогласување на услугите со европското законодавство. Препорака на Европската комисија е да се продолжи со акцискиот план за воведување на овој број и да се обезбедат потребните финансиски средства. Воедно во извештајот се посочува пораст на фиксната широкопојасна пенетрација, додека кај мобилниот широкопојасен интернет, вклучувајќи 2G/3G/4G се |

[66] Записник од состанок бр.8 на Комисијата на АЕК за 2019 година, достапен на: https://bit.ly/2M0lOLa
[67] Записник од состанок бр.10 на Комисијата на АЕК за 2019 година, достапен на: https://bit.ly/2o8igNG
[68] Извештај од Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија објавен на 29 мај 2019 година, достапен на: https://bit.ly/2EGrVAe

| | |
|---|---|
| | забележува намалување. Дополнително е забележано зголемување на инвестициите за развој на електронските комуникации.<br><br>Во препораките на ЕК се посочува дека е потребна долгорочна Стратегија за информатички и комуникациски технологии (ИКТ). |

## Политики, стратегии и регулатива

| | |
|---|---|
| **Измени во легислативата за работата на АЕК** | Во овој период во поглед на легислативата единствено беше направена измена на Правилникот за користење радиофреквенции во радиоаматерска служба[69].<br><br>Воедно на главната интернет-страница (aek.mk) во делот Легислатива беше поставен Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации[70], кој подетаљно го анализиравме во претходниот периодичен мониторинг[71]. |
| **Промена на претседателката на Комисијата на АЕК** | На четиринаесеттиот состанок[72] на Комисијата на АЕК, на барање на членот на Комисијата Стевица Јосифовски, бил проширен дневниот ред со уште една точка - *Разгледување на работата на претседателката на Комисијата со предлог за нејзино разрешување и избор на нов претседател*. За овој предлог, тројца членови гласале за, додека другите двајца членови биле против[73]. Веднаш по гласањето за разрешување на претседателката на Комисијата, Гордана Клинчарова, членот на Комисијата Дешира Имери за нов претседател го предложила Стевица Јосифовски, за што позитивно се изјасниле тројца членови[74] (вклучувајќи го и неговиот глас), додека еден од членовите бил воздржан и еден против.<br><br>Во записникот од петнаесеттиот состанок на Комисијата се наведува дека образложението за причините за разрешување на досегашната претседателка, нема да биде објавено.<br><br>Што се однесува до одлуката за разрешување на претседателката на Комисијата на АЕК[75], која беше објавена на интернет-страницата на АЕК, повторно не се наведуваат причините за нејзиното разрешување иако во самиот акт е нотирано дека образложението е составен ден на одлуката.<br><br>Според ЗЕК, Комисијата од редот на своите членови избира и разрешува претседател на начин и постапка утврдени во Деловникот за работа на Комисијата, каде што како можни причини за разрешување на претседателот на Комисијата се наведуваат:<br><br>▪ Несовесно извршување на функцијата;<br>▪ Непостапување во согласност со Статутот на Агенцијата и Деловникот за работа на АЕК<br><br>Промената во претседателствувањето на Комисијата е забележана како информација и во делот посветен на членовите на Комисијата на интернет-страницата, но останува проблемот со нецелосните информации за претседателот и членовите на Комисијата во делот на нивната биографија. |

[69] Правилник за користење радиофреквенции во радиоаматерска служба, достапен на: https://bit.ly/2oPlMwl
[70] Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, достапен на: https://bit.ly/2oK9yoW
[71] Трет периодичен извештај за работата на АВМУ и АЕК - јануари – април 2019, достапен на: https://bit.ly/2kTMGSj
[72] Записник од состанок бр.14 на Комисијата на АЕК за 2019 година, достапен на: https://bit.ly/2mV2zJ8
[73] Стевица Јосифовски, Ервин Реџепагиќ и Дешира Имери гласале за, додека Гордана Клинчарова и Горан Велинов гласале против предлогот за разрешување на претседателката на Комисијата.
[74] Стевица Јосифовски, Ервин Реџепагиќ и Дешира Имери гласале за на предлогот Стевица Јосифовски да биде новиот претседател на Комисијата на АЕК, додека Горан Велинов бил воздржан,
[75] Одлука за разрешување на претседателката на Комисијата на АЕК, достапна на: https://bit.ly/2MvJdD5

| | |
|---|---|
| **Отворена постапка за разрешување на директорот на АЕК** | На истиот состанокот на Комисијата на кој беше избран новиот претседател на Комисијата на АЕК, на негов предлог била започната постапка за разрешување на директорот на АЕК. За овој предлог тројца членови на Комисијата гласале за, еден член против и еден бил воздржан[76].<br><br>По наведувањето на причините за неговото разрешување, на директорот на АЕК му била дадена можност да даде свои коментари и детаљно да ги аргументира на состанок на кој ќе му биде овозможена одбрана.<br><br>И во овој случај во записникот од состанокот не се наведени причините зошто претседателот на Комисијата побара разрешување на директорот на АЕК.<br><br>Според ЗЕК[77], директорот на АЕК може да биде разрешен пред истекот на неговиот мандат со одлука донесена од Комисијата само во следниве случаи:<br>▪ На негово барање;<br>▪ Ако не е во можност да ја извршува должноста повеќе од шест месеци во континуитет;<br>▪ Прифаќање функција или работа што е неспојлива со неговата функција на директор на Агенцијата;<br>▪ Ако е правосилно осуден за кривично дело за кое му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење подолго од шест месеци;<br>▪ Ако се утврди дека во постапката за негово именување дал невистинити податоци или пропуштил да изнесе информации што се важни за неговото именување.<br><br>Доколку се донесе одлука за разрешување на директорот на Агенцијата, таа ќе треба да ги содржи причините за неговото разрешување, детаљно образложени и да се објави на интернет-страницата на Агенцијата во рок од седум дена од денот на нејзиното донесување. |

## Коментари/препораки

▪ Според извештајот од испитување на јавното мислење на резиденцијални корисници, само 22% од граѓаните располагаат со доволно информации за постапката за поднесување барање за решавање спор до АЕК, што е намалување од 10% во споредба со 2018 година. Проектниот тим во април 2018 година го објави едукативното видео „Како да поднесам приговор до АЕК?“[78], во кое на детален и лесно разбирлив начин е објаснета целата постапка за поднесување приговор. Со оглед на нискиот процент на граѓани што се запознаени со оваа постапка, препорачуваме видеото да биде поставено на интернет-страницата и на социјалните медиуми на агенцијата, со цел што повеќе граѓани да бидат информирани за оваа можност.

▪ Во медиумите се појавија информации за претходна висока партиска активност кај дел од новите членови на АЕК. Повторно препорачуваме во најбрз рок да се објават нивните работни биографии за јавноста да има целосни информации за квалитетите, капацитетите и интегритетот на новите членови. Треба да бидат објавени биографиите на сите членови на Комисијата, како и на директорот на АЕК.

▪ Јавноста задолжително треба да биде информирана кои се причините за разрешување на досегашната претседателка на Комисијата на АЕК, како и за причините зошто се бара разрешување на актуелниот директор на Агенцијата. Необјавувањето на причините и во двата случаја укажува на нецелосна транспарентност и отчетност во работењето на АЕК, особено ако се земе предвид дека станува збор за двете највисоки позиции во структурата на функционирањето на Агенцијата.

[76] Стевица Јосифовски, Ервин Реџепагиќ и Дешира Имери гласале за на предлогот за разрешување на директорот на АЕК, додека Гордана Клинчарова гласала против, а Горан Велинов бил воздржан
[77] Закон за електронските комуникации, член 25, став 1
[78] Видео „Како да поднесам приговор до АЕК?“, достапно на: https://bit.ly/31ivGEE

- Препорачуваме ЈСП и Град Скопје во најкраток можен рок да ги доставаат побараните информации поврзани со донацијата за Панорамското тркало, да дадат отчет за потрошените средства и причините зошто бараат пренамена, односно да објаснат од какво значење е за граѓаните и за јавниот интерес.

- Препорачуваме поголема проактивниот и вклученост на АЕК во иницирање и изработка на долгорочна Стратегија за информатички и комуникациски технологии (ИКТ).

# 3. ПЕРФОРМАНСИ И ИЗВРШУВАЊЕ

## Генерален пресек/оценка

Следењето и анализата на перформансот на регулаторот, меѓу другото, се прават и преку годишните извештаи за работата, финансиските и ревизорските извештаи и плановите за јавни набавки, како и во однос на човечките и финансиските ресурси потребни за нивна реализација.

Во овој период беше усвоен Планот за вработување за 2020 година, но тој не беше објавен на интернет-страницата на Агенцијата.

Комисијата на АЕК ги усвои предлог-измените на Годишниот финансиски план за 2019 година, со што го зголеми буџетот на Агенцијата за дополнителни **296.253.971 денар**, како нереализирани средства од Годишниот финансиски план за 2018 година. Најголем дел од овие средства, 169.633.721, е пренаменет за дополнување на средствата за изградба на ***Антенскиот систем за контрола и мониторинг***. Со овие измени вкупниот буџет на АЕК за 2019 година изнесува **774.613.971 денар**.

## Човечки капацитети

| | |
|---|---|
| **План за вработување за 2020 година** | На состанокот[79] на Комисијата на АЕК одржан на 29 август 2019 година, една од точките на дневен ред беше и усвојувањето на Планот за вработување за 2020 година. Планот не е објавен на интернет-страницата. Објавувањето на овие планови, со годишното објавувањето на бројката на вработени (вклучувајќи ги и новопримените), придонесува за подобрување на транспарентната слика на Агенцијата, а воедно ги оцртува параметрите на перформансите на ова регулаторно тело, особено во делот на човечките капацитети. |
| **Меѓународни настани и средби** | Во изминатиот период (мај - август) вработените од АЕК учествувале на 17 меѓународни настани и средби:<br><br>- Годишна конференција на SEEDING ex.com meeting – Романија;<br>- Состанок Roaming EWG – Австрија;<br>- Состанок WB Roaming Policy Meeting – Белгија;<br>- Учество на работилница за борба против насилен екстремизам и тероризам, во организација на ОБСЕ- Албанија;<br>- На работна група за броеви и мрежи' 18th meeting of the CEPT/ ECC Working group numbering and network (WG NAV)- Словенија<br>- 39th BEREC plenary meeting – Белгија<br>- EuroDIG – World Forum- Холандија<br>- Состанок CN2-BEREC- Италија<br>- Cyber Drill во Романија<br>- Состанок на координативното тело за имплементација на спогодба за намалување на цените за роаминг-услугите во Западен Балкан - Црна Гора<br>- Состанок на регулаторно тело во Грција<br>- The 14th annual technical meeting foe CSIRTs - Шкотска<br>- Seminar on Radio communication Matters for Europe (SRME 19) – Албанија<br>- ITU Workshop for Europe on Mapping for Terrestrial Broadband infrastructure and Services – Полска |

[79] Записник од состанок бр.14 на Комисијата на АЕК за 2019 година, достапен на: https://bit.ly/2mV2zJ8

- 51st ECC plenary meeting – Бугарија
- Работилница IRG training workshop 2019 on FTTH broadband deployment – Брисел
- TAIEX MultiCOUNTRY workshop on EU - Western Balkan ICT Dialogue – Брисел

**Национални и меѓународни обуки**

Во периодот мај - август 2019 година, вработените од АЕК учествувале на следниве обуки:

- Семинар за правници во Охрид (8.5.2019-11.5. 2019);

- Обука за конкурентска забрана и конкурентска клаузула, карактеристики на менаџерски договор, постапка за измена на договорот за вработување, невалидни одредби во договорот за вработување, обврски на договорните страни и престанок на работниот однос.

## Финансиски капацитети

**Измена на Годишниот финансиски план на АЕК за 2019 година**

На 14 состанок[80] Комисијата на АЕК ги усвоила предлог-измените на Годишниот финансиски план за 2019 година. Буџетот е зголемен за дополнителни **296.253.971 денар**, од нереализираните средства од Годишниот финансиски план за 2018 година. Од нив, **125.275.193 денари** се префрлени како *вишок финансиски средства од минати години*, додека остатокот од **170.978.778 денар**и како *вишок финансиски средства од претходна година*.

Со овие измени вкупниот буџет на АЕК за 2019 година изнесува **774.613.971 денар**.

Планираното зголемување е направено на следните ставки:




Најголем дел од префрлените средства (171.633.721 денар) се планирани за капитални инвестиции. Од нив, 169.633.721 се предвидени за дополнување на средствата за изградба на ***антенскиот систем за контрола и мониторинг***, додека за ***преадаптација на простории во деловен објект*** се предвидени 2.000.000 денари.

По нив следуваат средствата што, согласно измените во ЗЕК [81], АЕК е должна да ги намени за финансирање на дејноста на Оперативно-техничката агенција (ОТА), во износ од 62.905.000 денари.

Остатокот од средствата во вкупен износ од 38.455.250 денари е префрлен за пет други буџетски ставки (Интелектуални и други услуги, Опрема, Помошти, донации и други давачки, Други услуги и Даноци кои не зависат од резултатот).

[80] Записник од состанок бр.14 на Комисијата на АЕК за 2019 година, достапен на: https://bit.ly/2poFS0Q
[81] Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, член 29 став 9

| | |
|---|---|
| | Она што изненадува е дека по 2017 година, Агенцијата повторно предвидува средства за буџетската ставка „Помошти, донации и други давачки" во износ од 6.150.000 денари. Во минатото Агенцијата често беше критикувана за доделување милионски суми како донации без јасно и транспарентно објавување на критериумите за избор. Во измените на финансискиот план не се посочени дополнителни појаснувања и информации за каков вид на донација се предвидени овие средства и по кои критериуми е донесена одлуката за избор, особено имајќи предвид дека во изминатиот квартал двајца побарувачи на донација беа одбиени со изговор дека во финансискиот план за 2019 не биле предвидени средства за таква намена.<br><br>Воедно, во Предлог-измените не е дадено детаљно објаснување во врска со потребата и намената на дополнително буџетирани средства во вкупен износ од 23.260.000 денари. |

## Коментари/препораки

- Имајќи предвид дека во минатото Агенцијата редовно беше критикувана за доделување милионски суми како донации без јасно и транспарентно објавување на критериумите за избор, препорачуваме АЕК веднаш да објави подетаљни информации за кого и од кои причини се наменети средства за донација предвидени во Годишниот финансиски план, како и да изготви образложение за потребата од таков вид донација.
- Воедно, наша препорака е доколку Агенцијата остварува поголеми приходи од потребните, вишокот средства да ги насочи исклучиво за развој на сферата што ја регулира. Затоа, препорачуваме АЕК да не издвојува никакви средства за донации, но доколку, сепак, одлучи да донира

# 4. ЈАВЕН ИНТЕРЕС

## Генерален пресек/оценка

АЕК одржа Меѓународна регулаторна конференција 2019 година, во чии рамки се организира и првиот јавен состанок за 2019 година.

Според договорот потпишан на Вториот дигитален самит за Западен Балкан, од 1 јули цените во роаминг со петте земји на Западен Балкан - Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово се намалија за 27 отсто.

Во мониторираниот период, најголем број граѓани ја користеле алатката за испраќање повици и пораки на бесплатниот број 190 (вкупно 728 реализирани и преслушани повици и пораки), по што следува поднесувањето приговори (во писмена и електронска форма, вкупно 158 поднесени барања). Најмалку користена е алатката „прашања и одговори", каде што биле поставени само 30 прашања.

## Меѓународна соработка и цени во роаминг

| | |
|---|---|
| **Меѓународна регулаторна конференција 2019 година** | На 21 и 22 мај во Охрид, АЕК организира Меѓународна конференција за регулативата во електронските комуникации. На конференцијата присуствуваа владини претставници, претставници на регулаторни тела, претставници на Европската Унија и ITU, оператори, претставници на академски институции, граѓански здруженија.<br><br>Поканата, агендата, форматот за регистрација, како и сите презентации од самата конференција беа навремено поставени и се достапни на интернет-страницата на Агенцијата[82].<br><br>На официјалниот јутјуб-портал на Агенцијата беа поставени и видеоснимки од самата конференција. |

[82] Меѓународна регулаторна конференција 2019, повеќе информации на: https://bit.ly/33iqMsA

| | |
|---|---|
| **Намалување на цените во роаминг помеѓу земјите од Западен Балкан** | Според договорот потпишан на Вториот дигитален самит за Западен Балкан, од 1 јули цените[82] во роаминг со петте земји на Западен Балкан - Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово - се намалија за 27 отсто.<br><br>Договорот предвидува дополнително намалување на цените во јули 2020 година, по што заклучно со 1 јули 2021 се предвидува целосно напуштање на цените за роаминг-услугите, односно ќе се воведат цени за роаминг-услугите исти како цените на електронските комуникациски услуги на домашниот пазар (eng. Roaming Like At Home). |

## Јавни настани и комуникација со граѓаните

| | |
|---|---|
| **Прв јавен состанок на АЕК за 2019 година** | Во рамките на Меѓународна регулаторна конференција за 2019 година, АЕК го одржа и првиот јавен состанок за 2019 година. Според ЗЕК, Агенцијата е должна најмалку двапати годишно да организира јавни состаноци со цел да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите ставови и мислења по однос на развојот на електронските комуникации. |
| **Приговори од крајните корисници** | Преку алатката за информации од јавен карактер, нашиот тим доби информација дека во периодот мај - август 2019 година биле поднесени **158 барања за решавање спор од крајни корисници**, од кои 118 во писмена форма (до Дирекцијата на АЕК), а по електронски пат, преку интернет-страницата (e-agencija.mk) биле поднесени само 40 приговори. |
| **Повици и пораки на бесплатниот број 190** | Бесплатниот телефонски број 190, со кој раководи АЕК, е уште една можност граѓаните да поставaт прашање или да се пожалат на услугите поврзани со електронските комуникации. На бесплатниот број 190 во периодот мај - август 2019 година, се реализирани **526 повици**, а преслушани се вкупно **202 пораки**. |
| **Користење на алатката „Прашања и одговори“** | Преку алатката „Прашања и одговори“, која претставува уште една можност граѓаните да постават прашања до Агенцијата, во изминатиот период (мај-август 2019) биле поставени само 30 прашања. |

## Коментари/препораки

- Малата искористеност на алатките за комуникација се повторува и во овој период. Повторно предлагаме изработка на мултимедијални содржини за поголема промоција на овие алатки. Социјалните мрежи се одличен канал за нивна промоција.
- Потребна е изработка на комуникациска стратегија на АЕК во која детално ќе бидат разработени начините и каналите преку кои АЕК ќе се обиде да ги приближи овие можности до граѓаните.

[82] Повеќе информации за договорот, достапни на: https://bit.ly/2n06fJI